***Автор:*** *Ратомир Гроздановски*
***Дата:*** *2005 година*
***ISBN:*** *9989-102-15-5*
***PDF:*** desette-bozji-zapovedi-dekalog.pdf




Да се зборува или да се пишува за Десетте Божји заповеди - Декалогот Божји, значи да се укажува дека треба да живееме благочестив, побожен и богоугоден живот.

Зошто го правиме ова објаснување на Декалогот и дали со тоа што ќе ги знаеме добро Десетте Божји заповеди и нивното значење ќе бидеме спасени?

Не, бидејќи спасението зависи од живеењето според Божјите заповеди, а не само од знаењето. Дури и верата не е доволна за нашето спасение, ако нема и добри дела - ако таа не е вера остварена во нашиот живот-вера збогатена со надеж и со делотворна љубов. Затоа, светиот апостол Павле вели: „Да имам пророчки дар и да ги знам сите тајни, да ги имам сите знаења за сите работи, а и така сипна вера, што и ппанини да премес-тувам, ако љубов немам, ништо не сум" (1. Кор. 13,2).

Авторот